РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 09-569/3

16 -11- 2020 г./v.

Врз основа на член 22 став 7 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Северна Македонија" број 12/2019) и член 40 став 3 од Деловникот за работа, Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на 41-тата седница, продолжение, одржано на ден 12 ноември 2020 година, донесе

**О д л у к а**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино натамошно постапување во предметот со број 09-4870/1 од 17.10.2019 година, бидејќи наводите од пријавата дека ВД директорот на Заводот --------------, лицето --------------- има судир на интереси поради тоа што нејзиниот сопруг истовремено е претседател на Синдикалната организација во истата институција, не се потврдени, по што Државната комисија го запира постапувањето.

Предметот со број 09-4870/1 од 17.10.2019 година, да се затвори и да се архивира.

О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 09-4870/1 од 17.10.2019 година е оформен врз основа на пријава од Колективот на Заводот --------------- со наводи дека во истата институција има ВД директор наименуван четири пати од страна на Министерот за култура, што е спротивно на закон. Понатаму според пријавителите, лицето ---------- кое е именувано за ВД директор има судир на интереси, заради тоа што нејзиниот сопруг истовремено е претседател на Синдикалната организација на институцијата, односно тие сметаат дека е направен превид, дека воопшто не требало да дојде до нејзино наименување затоа што нејзиниот сопруг веќе бил претседател на Синдикалната организација на Заводот.

Заради целосно утврдување на фактичката сосотојба, а во согласност со надлежностите утврдени со член 76 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија на ден 27.01.2020 година ги побара следниве податоци:

- Постапка за именување на директорот на Заводот ----------------- и
- Постапка за именување – избор на Претседател на Синдикалната организација.

Од доставената документација се констатира дека:

Лицето ----------- е вработена во Заводот ----------------, во редовен работен однос на неопределено време од 17.07.2008 година. На ден 17.07.2019 година со Решение донесено од министерот на култура е именувана В.Д. Директор на оваа установа.

По обезбедување на финансиски средства од страна на Министерството за финансии, Министерството за култура на ден 27.12.2019 година во три дневни весници распишал Јавен оглас за избор на директор на Заводот -----------------------.

Јавниот оглас е спроведен согласно член 29 став 1 и 2 и член 30 став 1 и 2 од Законот за култура.

На ден 15.01.2020 година е формирана Комисија за селекција на кандидати за избор на директор на Националната установа Заводот ----------------------, која на 22.01.2020 година до Министерот за култура доставила извештај од спроведената постапка по објавениот јавен оглас.

Во извештајот стои дека во законски предвиден рок е пристигната една пријава и тоа од лицето -------------, која според комисијата ги исполнила сите услови од огласот и била предложена да биде избрана за директор.

На ден 24.01.2020 година Министерот за култура донел решение за престанок на вршење на должноста вршител на должноста директор на ова институција и донел решение за именување на лицето ---------------- за директор на Националната установа ------------------------.

Од гореизнесеното Државната комисија утврди дека: Постапката за избор на директор на Заводот ------------------ е спроведена во согласност со Законот за култура. Понатаму сопругот на Директорката веќе бил претседател на Синдикалната организација при оваа Национална установа пред нејзиниот избор за директор. Во согласност со член 78-ѓ од Законот за култура доколку има синдикална организација во јавната установа од областа на културата, во случај на покренување дисциплинска постапка против вработен во установата Претседател на дисциплинската комисија е непосредниот раководител на давателот на јавни услуги во културата, а членови се даватели на јавни услуги во културата од кои еден е претставник на синдикатот.

Во пријавата од колективот односно неидентификувана група на вработени, не се наведени конкретни наводи за спроведување на некоја дисциплинска постапка спротивно Законот за култура, општиот Колективен договор и Колективен договор на ниво на гранка.

Во пријавата нема јасни наводи за конкретна злоупотреба на службената должност од директорот на штета на вработените кои имаат на располагање и други законски можности за заштита на нивните права од работен однос.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

По заклучок од седница на ДКСК,
Изработил: С.М, виш соработник
Одобрил: Н.Б, Член на ДКСК

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Претседател,
Билјана Ивановска

Република Северна Македонија • ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА • Скопје • Shkup • KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANADALIM TË KORRUPSIONIT • Republika e Maqedonisë së Veriut